ПАТРИМОНИУМ.МК, година 10, број 15 / 2017
УДК: 728.3 (497.721)“18“

Петар НАМИЧЕВ, Екатерина НАМИЧЕВА

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА ГРАДСКА КУЌА ОД 19 ВЕК: БЕГОВА КУЌА ВО КУМАНОВО

Клучни зборови: *куќа, декорација, ентериер, чардак, бондрук*

Апстракт: *Во овој прилог е презентиран примерок на градска куќа, која била користена од страната на турските управувачи - бегови, која ги содржи сите карактеристики на градската имотна куќа. Презентираната бегова куќа од 19 век претставува значаен пример за согледување на архитектонските вредности на традиционалната градска куќа во Куманово. Со големиот чардак на катот, со применетите просторни, ентериерни и декоративни елементи, таа има влијание од ориенталната куќа од 19 век, а се вклопува во рамките на карактеристичната балканска куќа од истиот период.*

Градот Куманово според својата местоположба во средниот век бил лоциран на мошне значајна сообраќајница Белград- Солун (Солунски пат), како и на патниот правецот помеѓу Цариград и Медитеранот (Цариградски пат) (Хаџи Васиљевиќ Ј. 1908:25), додека на локално ниво го поврзува и источниот дел од Македонија, кон Св. Николе, Штип, Берово и др. Низ градот поминува Кумановска река. Градското јадро било лоцирано во најголем дел од нејзината лева страна, а се распространувало и на десната страна.

Во старите пишани документи за Куманово се спомнува како мала населба која датира од втората половина на 17 век. Градот се спомнува во патеписите на Евлија Челебија во 1660 г, со 600 куќи, со голем број дуќани во чаршијата, ан, амам, медреса, џамија и др. (Леон 2001: 329) Во овој период градот бил под управа на скопскиот кадија. Притоа се развило занаетчиството и трговијата, а градот станал значаен трговски центар, каде што поминувале трговци од целиот Балкански Полуостров.

После Карпошовото востание при крајот на 17 век, градот бил запален од страна на Турците, после што се чувствувале економските последици, а најголемиот дел од градските куќи биле уништени. Поради тоа од овој период немаме сочувани куќи за живеење врз основа на кои би можеле да согледаме како се одвивал градскиот живот и начинот на организирање на живеалиштата. Нов економски напредок градот доживеал во почетокот на 19 век, кога областа ја раководел Хавзи паша, со голем број куќи и дуќани, кога бил средиште на Кумановската каза.

Во 19 век патописците Ами Буе и Хан забележале од 600 до 680 куќи, односно од 3000 до 3500 жители, додека при крајот на 19 век Куманово имало 7000 жители со 2000 куќи (Новаковиќ С. 2002:210). Со градењето на современите патишта и железницата градот станал административен и трговски центар на областа, при што се граделе куќи и дуќани со кепенци како во Скопје.

Во околината на градот се чувале овци и добиток, каде што има голем број пасишта, а земјоделството било едно од главните занимања на населението. Притоа се изградил безистен за мануфактурна стока, како и голема и богата чаршија со голем избор на производи што се продавале. Дури во втората половина на 19 век се развиле занаетите: ќурчиски, терзиски, самарџиски, казанџиски, чевларски, пекарски, грнчарски и др.

По Втората балканска војна, во центарот на градот постоела височинка наречена Тумба, каде што била зградата на турската општина, а околу неа биле изградени занаетчиски дуќани, при што се забележани 37 занаети, во 1938 се регистрирани 466 занаетчиски мајстори, а трговски дуќани околу 550. Кон средината на 20 век најголемиот број на куќите биле ниски и приземни, а поретко еднокатни или двокатни куќи (Куманово 1990:8).

Местоположбата на Куманово, каде што се вкрстувале голем број сообраќајници, во 19 век

создало потреба за градење преноќувалишта -анови, а како најпознат и најголем се спомнува анот на Дедо Стеван, каде што можеле да се сместат 2000 коњи.

Притоа, како резултат на економскиот развој и урбаниот изглед на градот, се граделе големи и стилски градски куќи: куќата на семејството Цакиќеви, Мишеви, Иконом-Димитрови, Мелег-беговите конаци, Махмуд-беговиот сарај и други впечатливи згради (Петровски, Трајковски 1969:20).

Според пописите на петописците и трговците во 1800 година имало 2000 жители, во 1850 имало околу 3.500 жители, при крајот на 19 век броел 10.000-11.000 жители (Лукс 2002:210), а во 1925 година околу 18.000 жители, односно со официјалниот попис од 1921 година градот броел 14.300 жители. Според бројот на зголемување на населението, градот создал одреден економски потенцијал што овозможил поголем обем на градење станбени згради во стилот на традиционалната архитектура.

Непосредното опкружување на градот со селски населби, со силен и стабилен економски потенцијал придонесло за развојот на градот како економско средиште на пошироката етничка кумановска област. Миграцијата на селското население кон градот, како и прилив од јужните делови на Србија, била присутна во 19 век, но се интензивирала во почетокот на 20 век. Најголем дел од селските населби бил од разбиен тип, каде што одредени семејства преку зголемување на бројот на членовите, постепено формирале нови населби. Притоа населението се занимавало со земјоделство и сточарство, па бројот на домаќинства во почетокот на 20 век достигнал околу 3700. Турското население било диференцирано преку социјалната положба, како бег, ага, одредени занаетчии, а поретко се занимавале со земјоделство (Трифуновски Ј. 1974 : 198 -208). Развиениот систем на чифлици, кој бил развиен во кумановската област, овозможил развој и градење на бегови куќи и конаци, концентрирани во градот или во неговата околина.

Задружниот живот од селската заедница во Куманово не можел да опстане. Со доселувањето во градот настанала поделба во семејната заедница. Семејствата при миграциите го носеле ковчегот на жената, постелата, тепсија или земјена тава кога се населувале во градот, каде што започнувале работа или отворале дуќан.

Од христијанското население со голем посед, чифлик до 500 дани, имал Иконом Димитрија, кој можел да изгради куќа што наликувала на турските конаци, и на тој начин ја покажувал својата економска моќ.

Сето ова создало услови за формирање на градска буржоазија во 19 век, која според своите економски можности градела живеалишта со високи градежни, просторни и естетски вредности. На тој начин се интензивирала градбата на градските куќи, кои претставувале продолжување на традиционалната градба во бондрук, во 19 век или подоцна со влијание на европските стилови, пренесувани од големите градови.

1. Развој на куќата

Во 19 век Куманово од селска населба почнува да наликува на мало гратче со 600 куќи, а се до средината на 19 век биле забележани куќи покриени со слама. Во втората половина на 19 век се спомнувале куќи кои биле градени со збиен распоред, со високи ѕидини со затворени дворови, со високи порти и капиџици. Дворните места биле мали, без бавча и пространи дворови, особено во турската маала, освен кај најстарите турски куќи (Мехмед бегова, Мула Јусенова, Али Ефендина, Зијамобовата и др.) (Хаџи Васиљевиќ 1908:41). Градбите биле стари, ниски, со тесни и криви улици, со широки стреи, со авлии со големи градини. Највлијателните христијански семејства имале мали и ниски куќи (Новаковски С. 2002: 220).

Во својот просторен развој јасно се издвојувал христијанскиот од муслиманскиот дел на градот, со 12 маала. Покрај џамиите во градот се спомнувале текии, Конак, Општинска зграда, царски амбар, анови, безистен, плоштади и други јавни згради кои го оформиле ликот на градот.

Од ова можеме да констатираме дека интензивната градителска дејност при градењето на јавните згради, влијаела да се развие напоредно и градителската култура на живеалиштата. Притоа во 19 век со најголем интензитет се граделе куќите на турските бегови и на поимотната граѓанска класа од христијанското население. Градителите, работејќи на јавните згради здобиле искуство за локалниот начин на градење, кој го применувале на куќите на имотното население. Во таа смисла се создале одредени модули на создавање на просторните, естетските и градителските елементи со високи применливи вредности.

Во почетокот на 19 век се гределе куќи што се покривале со слама, кои подоцна се заменети со керамиди. Покривните керамиди биле со поголеми димензии и потешки, додека во втората половина од 19 век се заменувале со помали парчиња керамида со заоблена форма. Највредните примероци се градени во средината на 19 век, а

тоа биле турските куќи и сарајот на Махмуд бег и Јашар бег Алимбеговиќ. Од куќите на христијанското население со раскошна форма, голем двор, биле куќите на Иконом Димитрија, Цветан Цакиќ и Ристе Поп Тасиќ (Хаџи Васиљевиќ 1908:58). Тие биле градени и содржеле елементи од турските сараи, со одаи, со диванхани, мусандри, чичеклуци, рафтови, миндерлуци со душеци, резбани тавани и др. Сепак немале декорација на вратите, раскошни внатрешни елементи и декорација на дрвените елементи од куќата, на оџаците, огништата, мусандрите со амамџикот и сл. Меѓутоа, сепак однадвор овие куќи биле украсени со древни декоративни рамки на прозорците и со декоративни завршоци на капите на оџаците. Собите на катот кои се сметале за раскошни имале и до седум прозорци, кои биле правени со крила што се вовлекувале во ширината на ѕидот.

Другите куќи биле градени по мерка на куќите во Скопје, со послаба градба. Се граделе дуќани во приземјето на самата улица додека просторите за живеење биле на катот (Хаџи Васиљевиќ 1908:58). Овие хронолошки наведени податоци за економскиот потенцијал на градот и состојбата на куќите кои биле користени од христијанското и муслиманското население, говорат за созреани услови за веќе оформен урбан лик на градот со улична структура и куќи кои наликувале на типичната балканска градска куќа.

2. Карактеристики на кумановската градска куќа

Приземните куќи се граделе во почетокот на 19 век, со куќа и одаја, а поретко со повеќе соби, односно, наликувале на селските куќи од истиот период. Во куќата се готвело и затоа немало таван, а во одајата се престојувало преку денот и се спиело. Овој тип на куќи во градовите ги градело сиромашното христијанско население, кое се населувало од селата во градовите. Во нив и подовите биле од набиена земја, а поретко со штици, слично како кај подоцна градените градски куќи од втората половина на 19 век. Се практикувало во одаите со набиена земја да се постелуваат рогозини. Во одаите имало вградени мусандри за чување облека, или тие се чувале во ковчег. Најчесто во куќата имало вградена скривница, а секогаш се градел чардак што се користел како кревет. Мутвак имало само во богатите куќи.

Во подоцнежниот период куќите имале уште една одаја, која била богато опремена и се чувала за гости или за празник, односно младенците од куќата ја користеле во периодот додека немале деца.

Скалите за катот кај овие куќи биле надворешни, слични на селските куќи со приземје и кат од селските населби, кои се нарекувале -кули.

Кумановската куќа најчесто била градена со приземје и кат, со пространи чардаци, и до шест простории за живеење.

Малку е истражувана градската куќа во Куманово. Одредени податоци говорат за поставување куќи во низа (Николоска 2003:299), во приземје, без примена на чардак или трем, од затворен тип, каде што бил даден акцент на економичноста на градбата на градската куќа, каде што најверојатно живеело православното население.

3. Ентериерно обликување

До средината на 19 век внатрешниот простор содржел елементи од турските куќи, додека со развојот на трговијата во почетокот на 20 век, населението внесувало одредени предмети од ентериерот на солунските куќи, што не било карактеристично за традиционалната македонска куќа.

Христијанските куќи од крајот на 19 век, покрај просторот за секојдневно користење, во куќата имале наместена соба за прием, со ниски миндерлаци, со перници, без столчиња, со мангал на средината, со кој се постигнувала повисока температура во зимскиот период (Новаковиќ 2002:222) .

Скоро во секоја одаја имало миндери, кои во зависност од просторот биле пониски и пошироки, а се нарекувале - диванхани, додека другите со помала површина биле повисоки и најчесто покрај прозорците.

Во почетокот на 20 век во одаите се ставале столчиња и канабиња, со маса, огледало, фотографии и др. Помасовна била употребата на метална конструкција на креветите - француски, во гостинската соба, од почетокот на 20 век, кога се носеле од Солун. Зголемената потреба од покуќнински предмети во одајата се појавила како следење на влијанијата од европските движења, кои за себе можела да си ги овозможи формираната и економски зајакната градска класа од христијанското население.

До средината на 19 век куќите, односно одаите, се загревале со мангали, кои имале едноставна форма, со сачеви, кои се купувале од градот, прицврстени со три метални нозе и две рачки од страните. Мангалите со традиционална форма и естетски изглед се сретнувале само во неколку побогати куќи, а после се граделе огништа. При јадењето се користела трпеза, а богатите семејства користеле бакарни синии.

Надворешната обработка на кумановската градска куќа имала слични карактеристики со поимотната градска куќа во 19 век, слична на куќите од градовите низ Македонија. Примената на

бондручниот систем создала геометриска и профилирана декорација на дрвените носечки делови од столбовите, на деловите од капителот, на оградите од чардаците и сл. Исто така, над прозорците биле декорирани со профилирани декоративни елементи.

4. Бегова куќа

Во овој прилог презентиран е примерок на градска куќа, која била користена од страната на турските управувачи бегови, кои ги содржеле сите карактеристики на градската имотна куќа, а во терминологијата на месното население била нарекувана бегова куќа. На одреден начин овој тип куќи претставувале пример за раскошна и естетски дефинирана удобна куќа за живеење, кои биле градени по мерката на раскошните пашини и бегови конаци, со особености на ориентална куќа. Внатрешниот удобен простор бил поврзан со надворешното дворно место, каде што имало бавча и овоштарници, слични на пашините конаци кои се граделе надвор од градовите. Дворот заедно со куќата биле заштитени со висок ограден камен ѕид со височина до 4 м, кој од страна на улицата имал главен влез со голема порта и мала влезна врата.

Оваа куќа со текот на времето претрпувала одредени измени во внатрешноста, со преградување на просториите, со градење ново огниште, во зависност од потребите, особено во почетокот на 20 век, кога овие куќи биле преземени од христијанското население.

Беговите куќи што биле градени во градскиот простор, пред се биле создадени за да му овозможат удобен престој на турскиот владетел. Куќата била градена според типот на чардаклија, која била карактеристична и распространета во овој предел. Чардакот бил издолжен по целата предна страна, со трон (диванхана), подигната дрвена платформа, на која се престојувало преку денот. (Цвијиќ Ј. 1987:281). Според овие карактеристики, биле градени и беговите куќи или конаци, но со поголеми димензии. Во сите градови во 19 век, со кои раководеле турските намесници, овие бегови кули се градени во градот, кај помалите населби (Куманово, Тетово, Виница, Кочани,) или надвор од градот кај поголемите населени места (Скопје, Битола). Кај беговата куќа во Куманово е применет моделот на чардаклија, со чардак кој бил поставен на издолжената предна страна, свртен кон внатрешниот двор.

Приземјето најчесто се користело за подготовка на храна, за нејзино складирање, но и со одаи за престојување преку денот. Додека на катот се градел просторот на чардакот и тронот (диванхана), односно подигнат простор на чардакот каде што се престојувало преку денот за одмор, како заштита од топлите лета со високи температури. Од страната на отворениот простор на чардакот, овој подигнат дел имал отвори со вратнички, кои служеле за различна намена за чување на покуќнински предмети. Ова е потврда за рационалното искористување на просторот и кога се работи за експониран простор од куќата.

Особено била декоративна оградата од чардакот со токарени дрвени столпчиња и носечките дрвени столбови, кои покрај обработката на дрвеното седло за поврзување со носечките тавански греди, имале и стилизирана форма на капител. Завршната линија на капителот содржела аплицирање на дрвени лајсни, со геометриска профилација, каде што се постигнал ефект на носечки столб со декоративна обработка, слична на декорацијата на градските куќи од истиот период на Балканот. Просторот на чардакот се користел преку летниот период, со подигната платформа на тронот, каде што била потребна и дополнителна декорација на надворешната рамка на натпрозорникот, декорирана со едноставна геометриска декорација од дрвена лајсна.

Одаите на катот се користеле за спиење, за пречекување гости, со репрезентативен изглед, со изразена декорација на мусандрите, долапите, огништата, рамките од прозорците, рафтовите, со резбани тавани и други мали полици. Во одаите се поставувале долапи, кои биле вградени во дебелината на камениот ѕид, и со вратнички кои имале скромна декоративна обработка, каде што најчесто се отсликувале елементите на конструктивниот состав на претходно дрводелските изработки.

Вградените мусандри биле поставени покрај едниот ѕид во одајата, а биле поврзани конструктивно и естетски со влезната врата во просторијата. Мусандрата била од симетричен тип со огниште во средината и по еден долап од страните со две врати. Огништето било декорирано со два стилизирани пиластра од страната, а на горниот дел завршувало со лачна декорација. Надворешната површина на долапите немала применета декорација, туку биле изработени во столарска техника на поврзување. Вториот тип мусандра во помалата одаја била со поскромни содржини, со три долапи (два единечни и еден двоен), и најверојатно служела за складирање на покуќнински предмети и облека, а одајата најчесто за спиење. Надворешната декорација е доста скромна без дополнителни декоративни елементи, освен правоаголен нагласен простор помеѓу правоаголните рамки од долапите.

Вратите од одаите биле изработени со дрводелска техника, без дополнителна надворешна декорација. Поврзувањето на елементите од геометриските полиња на вратата, формира декоративна игра на прави и закосени линии, кои се составени во хармонична и симетрична композиција.

Таваните имаат скромна декоративна обработка, каде што на рамна дрвена подлога се поставени декоративни лајсни во два линеарни правци, кои формираат превоаголни полиња. Завршната линија на рамката од таванот е нагласена, со поголема димензија на дрвената лајсна. Во средишниот дел се поставува колце- розета со симетрична обработка на елементите, кои произлегуваат од правилната форма на осмоаголник, а на рабовите се поставува лесна декоративна рамка од обработена дрвена лајсна. На сите четири агли се поставуваат аголници, каде што е применета иста декоративна лајсна на рабовите од тријаголникот. Слична форма и декорација на таванската површина е применета и во одајата, која покрај целата опрема (огниште, мусандри) се заокружува со таванската обработка. Кај другите простории се применети тавани со едноставна линиска декорација на дрвени лајсни. Особено се забележливи обработките на таваните, покрај одаите, и на чардакот, што наведува на заклучок дека голем дел од времето и за време на веселбите и верските празници отворениот простор имал најзначајна функција.

Заклучок

Врз основа на хронологијата на развојот на градската куќа и етнологијата на секојдневното живеење, можеме да констатираме формирање, развоен пат и период на најголем подем на градење на градските куќи во текот и крајот на 19 век. Христијанското население градело скромни градби кои едвај ги задоволувале семејните потреби. Со текот на времето, во одреден период при формирање на економски зајакнатата градска буржоазија, куќите се граделе по мерка на беговите конаци, кои се сметале за куќи со високи просторни, градителски и естетски вредности. Денес сосема мал дел од куќите од 19 век се сочувани. Малиот обем на сочувана документација говори за градби со скромни димензии и естетски вредности, со приземје, градени во почетокот на 20 век.

Слични модели на бегови кули се граделе и во другите градови, во Тетово, Скопје, Штип, Битола, Прилеп, каде што препознаваме тип на куќа чардаклија со надополнување на одредени елементи на декорација со поголем интензитет, во надворешната обработка и уредувањето на ентериерот. Посебен акцент е даден на дворното место, кое покрај големината има карактер на обезбеден простор, со високи оградени ѕидини, со што се формира индивидуален внатрешен простор. Односот на корисниот простор на куќата и дворното место биле поврзани преку потребата природата да се доближи и да се подигне нивото на живеење со повисоки вредности.

Презентираната бегова куќа од 19 век претставува значаен пример за согледување на архитектонско етнолошките вредности на традиционалната градска куќа во Куманово. Со големиот чардак на катот, со применетите просторни, ентериерни и декоративни елементи, таа има влијание од ориенталната куќа од 19 век, а се вклопува во рамките на карактеристичната балканска куќа од истиот период. Оваа градба денес не е сочувана, но со нејзиното документирање и обработка ќе придонесе да се сочува сликата за градителското профано наследство. Приложената документација придонесува за согледување на вредностите на градската куќа од 19 век која веќе не постои (урната во 1986г), а за градот Куманово е од исклучително значење за одредување на архитектонските карактеристики на градските куќи со традиционален бондручен систем на градење, кои ја формирале урбаната слика на градот.

Литература:

- *Патопис на Леон и Жене од 1878 г, Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878*, подготви Александар Матковски, Ѓурѓа, Скопје, 2001

- *Патопис на Стојан Новаковиќ од 1886 г, Македонија во делата на странските патописци, 1879-1888*, подготви Александар Матковски, Ѓурѓа, Скопје, 2002

- Николоска М. (2003), *Градските куќи од 19 век во Македонија*, Скопје РЗЗСК, 2003

- Петровски М, Трајковски П., *Куманово,* Собрание на Општина Куманово, Скопје, 1969, стр. 20

- Трифуновски Ј., *Кумановска област*, Сеоска насеља и становништво, Скопје 1974

- Хаџи Васиљевиќ Ј., *Кумановска област*, Јужна стара Србија, књ.1, Београд 1908, стр.25

- Цвијиќ Ј., *Балканско полуострво*, Београд, САНУ, 1987

Petar NAMIČEV, Ekaterina NAMIČEVA

CHARACTERISTICS OF THE TRADITIONAL TOWN HOUSE IN THE 19th CENTURY: THE BEY HOUSE IN KUMANOVO

Summary

During the period of the formation of a firm town bourgeoisie, the town houses where made in the style of the Bey homes, with large and high rooms, and with architectural and aesthetic values. Today a very small number of homes from the 19th century have been preserved.

In this paper we present an example of a town house, that was used by the Ottoman governors - the Bey, these homes contain all the characteristics of a rich town homes. The presented Bey home from the 19th century in Kumanovo signifies an important example of the architectural values of the traditional town house. On the first floor of the house a large terrace (čardak) was built, inside are set spacious rooms, with decorative elements and with the influence of the oriental homes from the 19th century ,that are inserted in the frames of the characteristic Balkan homes from the 19th century. A special accent is given to the large courtyard, forming a specious place.

Similar models of Bey houses were built in other cities, in Tetovo, Skopje, Štip, Bitola, Prilep, these houses had large terraces (čardaks), incorporated with more intense decorative elements in the exterior, and the interior decoration of the rooms.



Сл.1.Основа на приземје, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.2.Основа на кат, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.3. Изглед на ограда и декориран столб од чардак, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.4. Изглед на декорација на внатрешна врата, бегова куќа, Куманово, 19 век

Сл.5. Двоен долап од одаја, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.6.Единечен долап од одаја, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.7. Мусандра со долапи од одаја, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.8. Мусандра со долапи од одаја на кат, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.9.Мусандра со вградено огниште од одаја, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.10. Изглед на прозорци со декорација од чардак, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.11.Изглед на таван со применета декорација, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл. 12.Изглед на таван со применета декорација, бегова куќа, Куманово, 19 век



Сл.13. Изглед на бегова куќа од страна на улица,бегова куќа, Куманово, 19 век

Сл.14. Изглед на беговата куќа од двор, Куманово, 19 век

Сл.15. Изглед на Градска куќа, Куманово, 19 век